ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 03-1181/1
01.03.2021 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19 и 275/19) и Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад бр.40-549/1 од 02.02.2021г., објавена во ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 31 од 05.02.2021 година, ЈПВ Лисиче-Велес објавува

ЈАВЕН ПОВИК

за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

Критериум за избор на правно лице е рокот за преземање на движните ствари предмет на јавниот повик.

Преземањето на движните ствари е без надомест.

Избраното правно лице на јавниот повик има обврска да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од наведената локација и да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно законските прописи.

Дел од движните ствари се наоѓаат во кругот на дирекцијата на ЈПВ Лисиче-Велес на ул.Вардарска бб во Велес, а дел се наоѓаат во објект на Брана Лисиче оддалечена 25км од Велес.

Заинтересираните правни лица можат да извршат увид на движните ствари и на двете погорепосочени локации, по претходна најава и договор со лицето за контакт означено во Јавниот повик.

Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни правни лица кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, издадена од надлежен орган.

Лице за контакт во врска со јавниот повик: Антоанета Стојанова, тел. за контакт 072 321 283, e-mail: jpvlisice_lab@yahoo.com

Подетални информации за движните ствари (Листата на движни ствари 03-378/7 од 29.12.2020г.), како и потребната документација во врска со јавниот повик може да се добие и подигне лично од архивата на ЈПВ Лисиче-Велес на ул.Вардарска бб во Велес или електронски од веб страната на ЈПВ Лисиче-Велес www.jpv-lisice.mk

Краен рок за доставување на пријавите за учество е 05.03.2021 година.

Велес
26.02.2021г..

ЈПВ Лисиче-Велес
Д и р е к т о р
Дејан Арсовски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС